Одделот за казниви дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија согласно член 68 став 5 од Судскиот деловник и член 31 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр.14/2022 од 20 јануари 2022 година), на седницата постапувајќи по Препораката на Бирото за застапување на РСМ по предметот *Транскоп АД Битола против РСМ,* А.бр.48057/12, од 01 април 2021 година, за почитување на начелото на еднаквост на оружјата и на принципот на контрадикторност на кривичната постапка од член 6 став 1 од ЕКЧП, на ден 31.01.2022 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**Принципот на правично судење подразбира право на одржување на главна расправа и почитување на принципот на контрадикторност на постапката, кои треба да се применуваат и во постапката за одземање на предмети, со обврска на судот поднесоците на едната страна да ги достави на увид и на одговор на спротивната страна, вклучително и вештачења, со што ќе се почитува принципот на еднаквост на оружјата пред првостепениот суд, а согласно пресудата на Европскиот суд за човекови права *(Транскоп АД Битола против Северна Македонија),* бр.48057/12, § § 29-35, 1 април 2021 година).**

*О б р а з л о ж е н и е*

Одделот за казниви дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 31.01.2022 година расправаше по дописот со Препорака на Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права бр.0901-36/1 од 25.01.2022 година, за предметот (*Транскоп АД Битола против Северна Македонија*, А.бр.48057/12, пресуда на ЕСЧП од 01 април 2021 година), за донесување од Врховниот суд начелен став и/или Одделот за казниви дела на Врховниот суд да донесе заклучок, со кој ќе се адресира прашањето за одржување на усна расправа особено во постапка за одземање на предмети, како и обврската на домашните судови да ги доставаат поднесоците од едната страна на увид и одговор на другата страна, вклучително и вештачења изготвени по наредба на судот за почитување на принципот на еднаквост на оружјата.

Во наведената пресуда од страна на Европскиот суд за човекови права е констатирана повреда на член 6 став 1 од ЕКЧП, заради неодржување на усна расправа во постапка за одземање на предмети и недоставувањето на вештачењето од 2011 година на компанијата, поради што немала можност да се запознае со содржината на вештачењето и истото да го коментира и евентуално да го оспори, а откако на барање на Јавниот обвинител, во 2010 година истражниот судија ја запрел истрагата против компанијата поради отсуство на докази дека истата го изменила бројот на шасијата на спорното возило.

Согласно Препораката на Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права, Одделот за казниви дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 31.01.2022 година по спроведената расправа донесе заклучок дека принципот на правично судење подразбира право на одржување на главна расправа и почитување на принципот на контрадикторност на постапката, кои треба да се применуваат и во постапката за одземање на предмети, со обврска на судот поднесоците на едната страна да ги достави на увид и на одговор на спротивната страна, вклучително и вештачења, со што ќе се почитува принципот на еднаквост на оружјата пред првостепениот суд, а согласно пресудата на Европскиот суд за човекови права *(Транскоп АД Битола против Северна Македонија),* бр.48057/12, § § 29-35, 1 април 2021 година).

Одделот за казниви дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија заклучокот го донесе за исполнување на обврската од член 46 од Европската конвенција за човекови права, за извршување на пресудата на Европскиот суд за човекови права.

**Оддел за казниви дела**